# Pictures

Shaping Futures
Emerging Adults Transitioning from Prisons




## ИЗДАНИЕ #2 | 2025

**БРОЈ НА ПРОЕКТОТ 101140185**

## ПРЕГЛЕД НА ПРОЕКТОТ

Кратенката PICTURES е кратенка за „Педагошки систем за инклузивно образование и обука за подобрување на вештините на меѓусекторските практичари кои работаат со млади лица во пенитенцијарните системи“ и ја опфаќа нашата визија за обединување на различни размислувања и стручност како би развиле холистички пристап за младите престапници кои се развиваат во казнено-поправниот систем. Нашите активности се подржани и ко-финансирани од Европската извршна агенција за образование и култура. Со референтен број на проектот: **101140185 — PICTURES — ERASMUS-EDU 2023-PI-ALL-INNO.**

## ПРОЕКТОТ PICTURES ДОСЕГА

Како ја дочекуваме пролетта 2025, особена чест и задоволство ни е да ви го претставиме второто издание на билтенот за проектот PICTURES.
Од првото вакво издание, проектните партнери активно учествуваа во проектните активности насочени кон постигнување на целта и мисијата на проектот.
Со спроведување на заеднички истражувања и активности за градење капацитети, проектот PICTURES значително влијаеше на интеграцијата на различни перспективи и експертиза.

Co-funded by the European Union

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or he European Education and Culture Executive Agency (EACEA.) Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.



Pictures

Shaping Futures
Emerging Adults Transitioning from Prisons

## ПРОЕКТНИ НОВОСТИ

Од последното издание на билтенот, партнерите на проектот PICTURES успешно ја спроведоа првата фаза – FRAME THE PICTURES (врамување на PICTURES), во која беа преземени широк спектар на активности, вклучувајќи:

- **Мапирање на образовните потреби на воспитно-поправните профили на професии кои се вработени во казнено-поправните установи, преку:**
  - спроведување на 50 интервјуа
  - дистрибуција на 300 прашалници
  - прегледување и анализа на повеќе од 100 истражувачки документи и практики
  - согледување и вклучување на најмалку 50 инспиративни практики во повеќе од 10 европски држави
- **Вкупно 10 DACUM (работилница за разработка на учебни програми) работилници беа реализирани во сите 10 земји-партнери на проектот.** За време на работилниците, професионалци кои веќе работаат со младите престапници и се дел од казнено-поправниот систем, имаа прилика да го идентификуваат и креираат новиот сет на вештини за PICTURES рамката на компетенции.
- **Беше одржан интерактивен вебинар со учесници кои ги претставуваа работодавачите од областа на казнено-поправното образование во Европа,** на кој беа валидирани резултатите на професионалните профили, кои ќе бидат поддржани од новите едукативни програми за професионално (VET) и високо (HE) образование.
- Професионалните профили на вработените во казнено-поправниот сектор кои работаат со младите престапници беа приспособени и потврврдени преку организирање на **Национални работилници во 10 земји-партнери на проектот.**
- **Беше креиран модел за проектот PICTURES**, кој ги дефинира сите различни педагошки параметри што треба да ги има (функции, услуги, човечки ресурси, итн.) кои се однесуваат на факторите на животната средина, социјалните фактори и владеењето (ESG)
- **Развиен е графички приказ PICTURES компетенции:** со најмалку 20 области на компетенции насочени на хоризонтални области на компетенции (преносливи помеѓу различни професии и специјалности) во казнено-поправниот сектор

Co-funded by the European Union

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or he European Education and Culture Executive Agency (EACEA.) Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

Pictures
Shaping Futures
Emerging Adults Transitioning from Prisons



## СЕГАШНИ АКТИВНОСТИ

Како тековна активност во втората фаза - LEVEL THE PICTURES, е да сите проектни партнери се вклучени во креирање на Курс модули за две категории на ученици: студенти запишани на професионални (VET) и високи (HE) студии и професионалците кои работаат/се дел од казнено-поправниот систем.
Финалниот производ по завршувањето и креирањето на едукативната содржина и тренинг материјали, ќе биде онлајн платформа која ќе содржи 2 курсеви, составени од по 10 модули.

Едукативната содржина и материјалите кои ќе се наоѓаат на онлајн платформата, ќе бидат од големо значење за сите вработени во поправниот екосистем, особено за оние кои работаат со младите престапници.

Со цел поддршка и олеснување на имплементацијата на горенаведените курсеви за практичари и ученици, се подготвува сеопфатен сет на водичи за обука, кој е составен од: Прирачник за ученици, Прирачник за тренери, Прирачник за обучување на тренери и Прирачник за работодавачи.

Co-funded by the European Union

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or he European Education and Culture Executive Agency (EACEA.) Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.



Shaping Futures
Emerging Adults Transitioning from Prisons

## СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

**Сите проектни партнери отпочнаа со подготвување на претстојната проектна фаза - NEXT PICTURES. За времетраењето на оваа фаза, проектните партнери ќе:**

- Споделат прашалници до сите засегнати странки, со цел идентификување на заедничките потреби за кариерен развој на персоналот кој работи со млади престапници.
- Организираат јавни расправи, ќе повикуваат студенти, ученици, професионалци, претставници на граѓанското општество, истражувачи, претставници од Министерството за правда, со цел развивање на дебата за потребите во кариерната поддршка во казнено-поправниот систем и поправната педагогија и ќе ја презентираат стратегијата за развивање на национални центри-HUBS.
- Креираат заедничка стратегија за имплементација иподдршка на воведувањето на поправната педагогија.

**Со успешната имплементација на проектот PICTURES, сите проектни партнери вклучија повеќе од 1.800 луѓе кои имаа активно учество во проектните активности.**

**Вестите за нашата работа на проектот PICTURES досега засегнаа повеќе од 17.000 луѓе преку различни објави на социјалните мрежи и останатите дигитални канали.**

## СЛЕДЕТЕ ГО НАШЕТО ПАТУВАЊЕ

Останете поврзани со нас преку нашиот веб сајт **https://projectpictures.eu/** и социјалните медиуми, Facebook и LinkedIn, за добивање на редовни новости на проектот PICTURES, претстојните настани и можноста да бидете вклучени.

Co-funded by the European Union

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or he European Education and Culture Executive Agency (EACEA.) Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.